Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ( „Службен гласник на Општина Велес бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден __03.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество во проект**
**„Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“**

**Член 1**

Со оваа одлука, се дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) во реализација на проект „Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“ со кој општината аплицира на јавен повик објавен од Бирото за регионален развој, за доделување на средства за финансирање на проект за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, изнесува 1.560.000,00 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината за кофинасирање на проектот во висина од 50 % од вкупната вредност на проектот или износ од 780.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Бирото за регионален развој објави Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата. Предмет на јавниот повик е доделување на средства за финансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/25).

Со цел да се подигне степенот на хигиена на улиците и околу точките каде се депонира смет во селата, општината аплицира со предлог проект „Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село“, чиј предмет е набавка на 1.300 пластични канти за отпад наменети за домаќинствата во селата, кои се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Целта на овој предлог-проект е да се намалат предизвиците во областа на екологијата и да се влијае на подигање на јавната свест на граѓаните за заштита на животната средина, како и да се подигне свеста за важноста од правилно постапување со отпадот од домаќинствата и негово соодветно складирање. Во голема мера отпадот се собира во нестандардна амбалажа, а преку имплементирање на предлог-проектот, т.е. со собирање на сметот во пластични канти се подобруваат хигиенско – санитарните услови, заради тоа што нема непријатни миризби и нема разнесување на отпадот и формирање на диви депонии.

Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 1.560.000,00 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината во висина од 50 % од вкупната вредност на проектот или износ од 780.000,00 денари.

Одлуката на Советот на Општина Велес за сопствено учество во проектот е услов за апликација во фазата на административна селекција.